РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА НОВАЦИ
МЕСНА ЗАЕДНИЦА
БР. ___
21.04 2015 год.
с. ГЕРМИЈАН

**До Министерство за животна средина**

**и просторно планирање**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ

| Примено: | 15. 04. 2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност: |
| 11 | 3609/1 | | |

# Мислење и забелешки

за студијата: Инсталација за преработка на стари автомобилски гуми со пиролиза во с. Брод, Општина Новаци

Жителите од Месната заедница од с. Гермијан, Општина Новаци ги даваат следните забелешки за предвидената инсталација за преработка на стари автомобилски гуми со пиролиза во с. Брод, Општина Новаци.

- Изградба на погон за рециклажа на гуми во околината на селото Гермијан ќе има штетни последици за нашето село бидејќи тој погон ќе испушта штетни гасови во атмосферата и ќе се загадуваат пасиштата кои се наоѓаат во непосредна околина. Со оглед на фактот што нашето село како и околните села се занимаваат со сточарство, тоа негативно ќе влијае врз производството на млеко, месо, врз рибите и другиот животински свет во Црна река, Елешка, Тиквешко Езеро како и врз дивечот кој престојува во пошироката околина.
- Нашето село во овој момент трпи штетни последици од РЕК Битола, од Рудникот Брод - Гнеотино како и од РЕК кој се наоѓа во Грција и доколку би се изградила ваква фабрика за рециклажа на стари гуми сигурно дека ќе има уште поголеми штетни последици по здравјето на жителите од Гермијан и околните населени места.
- Ние не сме против инвестиции во нашата Општина но не поддржуваме изградба на ваков објект кој би ја загадувал околината и бараме дислокација на некое друго место, а не во непосредна близина на

Гермијан. Како добри локации може да се искористат Индустриската зона Жабени или пак новата индустриска зона во Новаци во м.в. Жабарник.

- Од медиумите разбравме дека ваква фабрика за рециклажа на гуми се гради во Тетово, но немаме никакви сознанија каков ризик би можела да претставува таа за целокупната околина. Никаде не забележавме како влијаат сите тие штетни емисии на прашина, саѓи, испарувања, издувни гасови, течни елементи и други материи врз околината, луѓето, животните и растенијата. Сметаме дека за да се гради ваква фабрика треба да се направат детални испитувања, да се проценат сите ризици и да се елиминираат сите штетни влијанија особено врз луѓето, па дури потоа да се гради ваков погон.
- Од Известувањето за намера за градба на ваков погон за рециклажа на гуми во с. Брод кое се наоѓа на web страната на Министерството за животна средина и просторно планирање го разгледавме прегледот со кој се утврдува потребата од оценка на влијанието врз животната средина. Наше мислење е дека неправилно е мислењето дека нема потреба од спроведување на постапка за оценка на влијанието врз животната средина и бараме надлежните институции да извршат промена на тоа мислење.
- МЗ с. Гермијан е против изградба на ваков објект во с. Брод поради претходно кажаните ставови, и бараме да се најди друга соодветна локација за ваков објект, а не во непосредна близина на населени места кои би имале големи негативни последици како по здравјето на луѓето така и на останатиот жив свет.

Со почит,

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА МЕСНА ЗАЕДНИЦА ГЕРМИЈАН ОПШТИНА НОВАЦИ